Предлог

Врз основа на член 22, став 2 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес бр. 12/06, 03/09,18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот на Општина Велес,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ___12.2021 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за активностите на Општина Велес во областа на јавната чистота и јавното зеленило во 2022 година

### I. Цели

- Обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината преку одржување на чистотата на јавните површини и на отворените простори на јавните објекти,
- Одржување на јавното зеленило за негово биолошко зачувување, правилен развој на постоечкото зеленило во општината.

### II. Активности

Деталното утврдување на активностите ќе биде предвидено со донесување на посебни програми:

- Годишна програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес,
- Годишна оперативна програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес.

Со предвидените средства од Програмата во делот на јавната чистота ќе се врши метење на: улици, паркинг простори, плоштади, мостови, видиковци, надвозници и подвозници, пристапни патишта кон градот, јавни скалила кои поврзуваат две улици, крајбрежја, јавни санитарни јазли, пазари и гробишта, автобуски стојалишта и такси станици; миење на улици и паркинг простори; рачно чистење на снег и мраз во зимски услови. Деталното утврдување на активностите ќе биде предвидено со донесување на посебната Програма која ќе биде предложена до Советот на Општина Велес за усвојување.

Со предвидените средства од Програмата во делот на јавното зеленило ќе се врши: одржување на јавните зелени површини (паркови, зелени површини во централно градско подрачје, скверови на улици, влезови во град); одржувањето на јавната чистота во парковските површини и останати зелени површини (патеки во зелените површини); одржување на дрворедите во градот; постапување со оштетени дрвја на територија на Општина Велес.

Деталното утврдување на активностите ќе биде предвидено со донесување на посебната Програма која ќе биде предложена до Советот на Општина Велес за усвојување.

| | Програма | Предвидени средства (мкд) |
|---|---|---|
| **J4** | **Програма за одржување на јавната чистота** | **12.320.548** |
| **J7** | **Програма за одржување на јавното зеленило** | **15.926.639** |
| | | |
| **ВКУПНО:** | | **28.247.187** |

### III. ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамки на оваа Програма во вкупна вредност од 28.247.187 ден. ќе бидат финансирани од средствата од надоместоците кои ги плаќаат правните и физичките лица за изградба и одржување на јавното зеленило и за одржување на јавната чистота.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведувањето на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Велес.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес" , а ќе се применува од 01.01.2022година.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Зоран Љутков с.р.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Програмата за одржување на јавната чистота е обврска која треба да се планира и реализира врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота (“Службен весник на РМ” бр. 111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16) каде е утврдено дека за вршење на работите на јавната чистота општините секоја година донесуваат годишна програма која содржи вид и обем на работите кои треба да се извршуваат, финансиски средства, временски рокови за извршување на работите, динамика и начин на извршување на работите.

Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес е обврска која треба да се планира и реализира врз основа на член 12, став 2, точка 3 од Законот за јавно зеленило каде е утврдено дека: “Општината подготвува и предлага до Советот на единицата на локалната самоуправа Годишна оперативна програма за одржување на зеленилото, во која ќе се утврдат видот и површината на зеленилото која ќе биде одржувано, динамиката и начинот на одржување, изворот на обезбедување и висината на финансиските средства во тековната година и ја следи нејзината реализација”.